Во националната установа Музеј на Македонија, во завршна фаза е  проектот за адаптација на изложбениот простор за новата музејска  поставка која се однесува на прогонетите од егејскиот дел на Македонија.  Завршени се градежните работи, а остануваат уште активностите околу  ентериерот, опремата и музејските материјали кои што ќе ја сочинуваат  содржината на постојаната поставка по што овој значаен проект кој е  поддржан во Годишната програма на Министерството за култура, ќе биде презентиран пред јавноста.

Постојаната музејска поставка “Граѓанската војна во Грција и евакуацијата на децата бегалци” го прикажува историјатот на учеството на Македонците од егејскиот дел на Македонија во Втората светска војна и Граѓанската војна во Грција (1940-1949) и настаните што се одвивале на овие простори.

Преку експонатите, меѓу кои има и фотографии, документи, карти, оружје, лични предмети, одликувања и слично, презентиран е националниот и културниот идентитет на егејскиот дел на Македонија, како и општествениот, економскиот и социјалниот живот на овие простори. Во музејскиот материјал застапени се и револуционерните традиции, а дел од етнолошкиот амбиент е и куќа од егејскиот дел на Македонија, како и автентични народни носии и покуќнина.












**Тема III**












**Тема IV**










